РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-374/5
16-10-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-374/1 од 24.01.2024 година против _______________, и _______________, **СЕ ЗАПИРА.**

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека, не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето _______________ не извршувал две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-374/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој ДКСК ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето _______________ со бр. 09-7325/1 од 26.07.2022 година и проверка во Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата _______________ во исто време ја врши и функцијата _______________, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ___________________, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-374/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете функции: _________________________ и _______________________.
Врз основа на доставеното Известување бр. 09-374/3 од 20.02.2024 година од страна на _________________, ДКСК констатира дека истиот повеќе не ја извршува функцијата __________________ односно на иститиот му престанал мандатот со Заклучок за констатирање престанок на мандатот на _________________________ објавен во Службено гласник на општина _____________.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето _________ не извршувал две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: З.Б - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk